Периодот на инкубација е од 1 до 21 ден. Симптомите обично траат 2-4 недели.
Прв симптом е осипот (дланки, стапала, лице, грло, уста, генитална и анална регија).



Како компликација од болеста може да се појават:

* секундарни инфекции,
* бронхопневмонија,
* енцефалитис,
* миокардитис,
* инфекција на рожницата на окото со губење на видот,
* повраќање и дијареа.
* сепса.

## ПОСТОИ ЛИ ВАКЦИНА ЗА ЗАШТИТА?

Вакцината за **MPOX** може да обезбеди заштита и треба да се даде на лице до 4 дена од контактот. Вакцината може да се дава до 14 дена доколку лицето не развило симптоми.

## КАКО СЕ ЛЕКУВААТ ЗАБОЛЕНИТЕ?

Антивирусната терапија е во фаза на испитување и се применува само во болнички услови.

## НАЈДОБАР НАЧИН ДА СЕ ЗАШТИТИТЕ

***За избегнување на ризикот за пренос од човек на човек***

- **Да се избегнува сексуален или близок физички контакт со лица кои имаат или се сомнителни на MPOX, како и контакт со нивни телесни течности, кожните лезии и предмети од околината.**
- **Доколку е неизбежен контакт со болен човек, да се носат маски, ракавици и друга заштитна опрема.**
- **Редовно миење на раце после контакт/ посета на болен човек.**
- **Употреба на кондоми како мерка на претпазливост 12 недели (околу 3 месеци) откако ќе закрепнете.**
- **Луѓето може да ја пренесат болеста додека не зараснат сите рани и не се формира нов слој на кожата.**

***За избегнување на ризикот на пренос од животно на човек***

- **Вирусот може да биде пренесен преку гребаница, каснување или работа со крв или месо од диви заразени животни.**
- **Да се консумира само термички обработено месо од диви животни.**
- **Лицата кои професионално имаат контакт со заболени диви животни, нивни органи и ткива, да користат соодветна заштитна опрема (ракавици, маски очила, мантили, престилки, обувки).**

**Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија**

# Mpox

## КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИТЕ



**ИНФОРМАЦИИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ**
**2025**

## *ШТО Е МРОХ ?*

**МРОХ** е вирусна болест предизвикана од истоимениот **Monkeypox virus,** а која е регистрирана во повеќе земји на Централна и Западна Африка, Европа, Америка и Канада.

За прв пат оваа болест меѓу луѓето е регистрирана во ДР Конго (Заир), во 70-тите години од минатиот век , а повремено се пренесува и во други региони.

**Моментална состојба**

Болеста е регистрирана во земји од Централна и Источна Африка, Европа, Азија, Велика Британија, Северна Америка и Јужна Америка.

**Доколку сте биле изложени на ризик, при појава на некои од подолу наведените симптоми, веднаш контактирајте го вашиот матичен лекар!**

Вирусот се докажува лабораториски во вирусолошката лабораторија при ИЈЗ.




## *КОИ СЕ СИМПТОМИТЕ?*



**Температура и треска**

**Главоболка**





**Замор**

**Мускулни болки и болка во грбот**





**Осип**

**Отечени лимфни јазли**



**Извор на заразата е заболен човек или животно !**

## *КАКО СЕ ПРЕНЕСУВА БОЛЕСТА?*

Вирусот се пренесува преку:

- Сексуален контакт со инфицирано лице или близок контакт со телесни течности и кожниот исип на заразеното лице
- Контакт со контаминирани предмети од околината на заразеното лице
- Пренос од мајка на плод
- Директен контакт со крв, лезии, телесни течности од заразени глодари и примати животни
- Конзумирање на недоволно варено месо од заразено животно
- При директен контакт со заболено лице — вдишување на "респираторни капки"

